Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 , 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **географија** за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учебната 2020/21 година.

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет географија за VIII одделение се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.
Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се почитува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со 2 часа неделно се предвидуваат 64 часа во скратената програма.

2. **Преглед на теми и наставни единици**

   Во скратената наставна програма предвидени се 39 часа нови наставни содржини и 25 часа за повторување.

**Тема/Подрачје**

**ТЕМА I: ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА 8+6 часа** (8 часа нови наставни содржини, 5 часа за повторување).
Наставни единици

- Географска положба, граници и големина на Европа;
- Брегова разгранетост на Европа;
- Релјефни карактеристики на Европа;
- Влијанието на климатските фактори врз климата на Европа;
- Климатско-вегетациски области во умерениот топлински појас во Европа;
- Климатско-вегетациски области во студениот топлински појас во Европа;
- Речни сливови и реки во Европа; и
- Езера во Европа.

**ТЕМА II: СОЦИО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА (5+3) часа**
Наставни единици

- Основни карактеристики на населението во Европа;
- Јазична и верска припадност и разноликост на населението во Европа;
- Култура, традиција и обичаи на населението во Европа;

- Населби во Европа; и
- Регионална и политичкотериторијална поделба на Европа.

**ТЕМА III: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ЈУЖНА ЕВРОПА (10+6) часа**

Наставни единици

- Географски карактеристики на Јужна Европа;
- Бугарија;
- Грција;
- Србија,
- Албанија и Косово;
- Хрватска и Словенија;
- Црна Гора и Босна и Херцеговина;
- Италија, Сан Марино и Ватикан;
- Шпанија, Португалија и Андора; и
- Загрозување, загадување и заштита на животната средина на Јужна Европа.

**ТЕМА IV: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ЗАПАДНА ЕВРОПА (3+2) часа**

Наставни единици

- Велика Британија;
- Франција; и
- Бенелукс (Белгија, Холандија и Луксембург).

**ТЕМА V: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ СЕВЕРНА ЕВРОПА (3+2) часа**

Наставни единици

- Шведска,
- Норвешка и Финска; и
- Данска и Исланд.

**ТЕМА VI: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ СРЕДНА ЕВРОПА (6+4) часа**

Наставни единици

- Германија;
- Полска;
- Чешка и Словачка;
- Швакцарија и Австрија;
- Унгарија; и
- Романија.

**ТЕМА VII: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ИСТОЧНА ЕВРОПА (4+2) часа**

Наставни единици

- Русија;
- Украина;
- Белорусија и Молдавија; и
- Летонија, Естонија и Литванија.

**3. Дидактички препораки**

Планирањето на наставата по предметот географија за VIII одделение предвидена во оваа (скратена) верзија опфаќа програмски содржини од сите теми утврдени во редовната наставна програма. За секоја тема предвидени се број на часови со цел преостанаата содржина од скратената наставната програма по географија за VIII одделение да се заврши во 64 часа, во траење од 159 дена.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма, но за истите поставува различни по нивоа прашања и задачи водејќи се од предлог - активностите и дополнувајќи ги истите според потребите на одделенијата.

По наставни подрачја се предлага: **Природно-географски карактеристики на Европа ( 8+6 часа); Социо-географски карактеристики и регионална поделба на Европа (5+3 часа); Географски преглед на регионот Јужна Европа (10+6 часа); Географски преглед на регионот Западна Европа (3+2 часа); Географски преглед на регионот Северна Европа (3+2 часа); Географски преглед на регионот Средна Европа (6+4 часа); Географски преглед на регионот Источна Европа (4+2 часа).** Во наставната програма е дадено ориентационо планирање на наставните часови за реализација на

наставни теми и целини. Сепак,  наставниот кадар треба самостојно да го планира часовниот фонд за целосно и успешно реализирање на поставените цели од програмата. Со оглед на тоа што, составот на учениците во паралелките е хетероген, наставникот треба да практикува диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на реализацијата на наставата. Ваквиот приод е во функција на индивидуалните специфични потреби на секој ученик и развивање на индивидуалните потенцијали и постигнувања.

Во скратената програма по предметот географија за VIII одделение се застапени сите содржини од редовната наставна програма, додека од часовите за повторување скратени се осум часови. Во првата тема скратен е еден час за повторување, во втората еден, во третата три,  во четвртата еден и во седмата тема два часа за повторување. Ова е направено за целосно реализирање на новите наставни содржини, додека повторувањето се предвидува да се раелизира во осум часа помалку.

Се препорачува користење на следниве наставни средства:

- учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- други извори на учење во непосредната околина – објекти и појави во природата;
- енциклопедии, атласи и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија;
- аудио-визуелни средства.

Современата дидактичка технологија во наставата по географија покрај користењето на разни географски карти, дава исклучителни можности за користење на компјутерот, односно широка примена на геоинформатиката во наставата по географија. Исто така, во наставата може да се користат и немите карти, географска читанка, прирачник за наставата и др.. Усвоените нови поими ќе претставуват надоградување и проширување на веќе стекнатите поими. Доколку некои од поимите изостанат да се проследат во следните години, каде се надоврзуваат овие наставни подрачја. Интерпретацијата и описите од страна на учениците неопходно е да бидат поттикнувани од стрна на наставникот на начин кој одговара на индивидуалните карактеристики на ученикот. Изразувањето може да биде и преку: говор, есеј, илустративни методи, изработки на шеми, графикони итн. Употребата на имиња и цифрени податоци треба да биде сведена на разумно ниво. Во текот на наставата редовно се следат и се вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Се препорачува да се користат следниве начини за следење, проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми: усно, писмено, практично (обиди, вежби сл.), работа во групи, учество во истражување и презентација.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.
Скратената наствна програма по наставниот предмет географија за VIII одделение од основното образование ја утврди

Бр.12-8424/23 Министер за образование и наука

16.9.2020 Мила Царовска